ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Датум: 17 март 2015

# СООПШТЕНИЕ

## ФЗОМ доби благодарница од Црвениот Крст на Македонија

Фондот за здравствено осигурување доби благодарница од Црвениот Крст на Македонија, општинската организација на Црвениот Крст - Центар по повод обележување 70 години постоење на оваа хуманитарна организација. Во името на Црвениот Крст благодарницата ја врачи претседателот на општинската организација на Црвениот Крст – Центар, проф. д-р Сунчица Димитријоска.




ФЗОМ како институција која ги штити интересите на осигурениците во остварување на правата од здравственото осигурување, од годинава е носител на проектот на Владата на Република Македонија **„Унапредување на крводарителството во јавните институции“,** и започна своја реализација во 2015 година. Примарната цел на проектот е унапредување на крводарителството во јавните институции преку давање сопствен пример, но и обезбедување на потребните крвни единици во земјата. Фокусот е на вработените во државните и јавни институции, како и на младата популација, бидејќи истата е основа за прибирање на крвни единици во иднина и создавање на навика кај здравите луѓе за дарување крв.

Свеста за крводарителството како хуман чин треба да се зголемува преку сопствениот пример, имено, преку крводарителски акции во јавниот сектор сакаме да влијаеме на свеста на јавноста за крводарителството.